**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03-224
04.06 **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 15 став 1 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1980/1 од 22.04.2020 година, поради недоставување на податоци согласно член 15 став 1 од Законот за медиуми од страна на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 21-та седница одржана на 04.06.2020 година согласно Заклучокот бр.02-2368/7 од 04.06.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка - јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, заради извршена повреда на член 15 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 4 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, не ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2019 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2019 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во 2019 година.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-1980/1 од 22.04.2020 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16,132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, на 22 април 2020 година, изврши редовен административен надзор кај субјектот на надзорот: Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, при што констатираше прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно дека Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, не ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2019 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2019 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во 2019 година.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-1980/1 од 22.04.2020 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип на 24.04.2020 година, испрати Допис (наш Уп1 бр.03-160 од 24.04.2020 година) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-1980/1 од 22.04.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Во предвидениот рок, Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Советот на Агенцијата на 21-та седница одржана на 04.06.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 15 став 1 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1980/1 од 22.04.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 04.06.2020 година, согласно Заклучокот бр.02-2368/7 од 04.06.2020 година донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип и му наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова

Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.03-1980/1 од 22.04.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

22. 04. 2020

03 | 1980 | 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип

3. Датум на извршување на надзорот: 22 април 2020 година

4. Предмет на надзорот: Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. Претходно изречена мерка: нема

6. Констатации од надзорот: Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип не ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

7. Опис на прекршувањето: Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2019 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2019 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во 2019 година.

8. Предлог мерка: Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 15 став 1 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за стратешко планирање и авторски права*